Република Македонија

**ОПШТИНА ДЕМИР ХИСАР**

# СЛУЖБЕН ГЛАСНИК

Службен гласник на општината Демир Хисар, излегува по потреба. Цена: 50,оо мкд. Годишна претплата: 500,оо мкд
е - mail: opstinademirhisar@yahoo.com; www.demirhisar@gov.mk; тел/факс: (+389) 47 -552-661

**Бр. 7**

**30.06.2011**

Демир Хисар

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа /,, Службен весник на РМ,, бр. 5/02/, а во врска со член 72 од Статутот на Општина Демир Хисар /,,Службен гласник на Општина Демир Хисар,, бр. 3/02; 4/05 и 7/09 година/, донесувам

**З А К Л У Ч О К**
**За објавување на Одлуката за отстапување на користење, управување и одржување на водоводот во с.Журче на ЈКП „Комуналец“ Демир Хисар**

1.Ја објавувам Одлуката за отстапување на користење, управување и одржување на водоводот во с.Журче на ЈКП„ Комуналец“ Демир Хисар донесена на седницата на Советот на Општина Демир Хисар одржана на 30.06.2011 година.

2.Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во Службен гласник на Општина Демир Хисар.

**Бр. 08-462/1** **Општина Демир Хисар**
**30.06.2011 година** **Градоначалник**
**Демир Хисар** **Тони Ангелевски с.р.**

**286.** Врз основа на член 25 од Законот за комунални дејности "Службен весник на РМ" бр.45/97, член 32 од Законот за снабдување со вода за пиење и одведување на отпадни води "Службен весник на РМ" бр. 68/2004г. и член 43 од Статутот на Општина Демир Хисар "Службен гласник на општина Демир Хисар" бр.3/02;4/05 и7/09, Совет на општина Демир Хисар на седницата одржана на 30.06.2011 година донесе

О Д Л У К А
За остапување на користење, управување и одржување на водоводот во с.Журче на ЈКП ,,Комуналец,, Демир Хисар

Член 1
Со оваа Одлука се врши остапување со право на управување, користење и обврска на одржување на изградениот водовод на ЈКП"Комуналец" Демир Хисар од населеното место Журче.

Член 2
Отстапувањето на водоводот е во согласност со одредбите на Законот за комунални дејности, како и од потреба за обезбедување на доволни количини на здрава, чиста и исправна вода за потребите на граѓаните на горенаведеното населено место.

Член 3
Начинот на утврдување на меѓусебните права и обврски околу водоводот ќе се регулира со посебен договор меѓу ЈКП"Комуналец" и корисниците на услугите во согласност со позитивните прописи.

Член 4
Оваа Одлука влегува во сила 8 ден од денот на објавувањето во Службен гласник на општина Демир Хисар.

***Бр.07-461/3*** ***Совет на Општина Демир Хисар***
***30.06.2011 година*** ***Претседател,***
***Демир Хисар*** ***Љупчо Ангелески с.р.***

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа /,, Службен весник на РМ,, бр. 5/02/, а во врска со член 72 од Статутот на Општина Демир Хисар /,,Службен гласник на Општина Демир Хисар,, бр. 3/02; 4/05 и 7/09 година/, донесувам

**З А К Л У Ч О К**
**За објавување на Одлуката за отстапување на користење, управување и одржување на водоводот во с.Прибилци на ЈКП „Комуналец“ Демир Хисар**

1.Ја објавувам Одлуката за отстапување на користење, управување и одржување на водоводот во с.Прибилци на ЈКП„ Комуналец“ Демир Хисар донесена на седницата на Советот на Општина Демир Хисар одржана на 30.06.2011 година.

2.Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во Службен гласник на Општина Демир Хисар.

**Бр. 08-462/2** **Општина Демир Хисар**
**30.06.2011 година** **Градоначалник**
**Демир Хисар** **Тони Ангелевски с.р.**

***287.*** Врз основа на член 25 од Законот за комунални дејности "Службен весник на РМ" бр.45/97, член 32 од Законот за снабдување со вода за пиење и одведување на отпадни води "Службен весник на РМ" бр. 68/2004г. и член 43 од Статутот на Општина Демир Хисар "Службен гласник на општина Демир Хисар" бр.3/02;4/05 и7/09, Совет на општина Демир Хисар на седницата одржана на 30.06.2011 година донесе

ОДЛУКА
За остапување на користење, управување и одржување на водоводот во с.Прибилци на ЈКП ,,Комуналец,, Демир Хисар

Член 1

Со оваа Одлука се врши остапување со право на управување, користење и обврска на одржување на изградениот водовод на ЈКП"Комуналец" Демир Хисар од населеното место Прибилци.

Член 2

Отстапувањето на водоводот е во согласност со одредбите на Законот за комунални дејности, како и од потреба за обезбедување на доволни количини на здрава, чиста и исправна вода за потребите на граѓаните на горенаведеното населено место.

Член 3

Начинот на утврдување на меѓусебните права и обврски околу водоводот ќе се регулира со посебен договор меѓу ЈКП"Комуналец" и корисниците на услугите во согласност со позитивните прописи.

Член 4

Оваа Одлука влегува во сила 8 ден од денот на објавувањето во Службен гласник на општина Демир Хисар.

***Бр.07-461/4*** ***Совет на Општина Демир Хисар***
***30.06.2011 година*** ***Претседател,***
***Демир Хисар*** ***Љупчо Ангелески с.р.***

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа /,, Службен весник на РМ,, бр. 5/02/, а во врска со член 72 од Статутот на Општина Демир Хисар /,,Службен гласник на Општина Демир Хисар,, бр. 3/02; 4/05 и 7/09 година/, донесувам

**ЗАКЛУЧОК**
**За објавување на Одлуката за утврдување цена за користење на вода за пиење по м$^3$ во населено место Журче**

1.Ја објавувам Одлуката за утврдување цена за користење на вода за пиење по м$^3$ во населено место Журче донесена на седницата на Советот на Општина Демир Хисар одржана на 30.06.2011 година.

2.Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во Службен гласник на Општина Демир Хисар.

**Бр. 08-462/3** **Општина Демир Хисар**
**30.06.2011 година** **Градоначалник**
**Демир Хисар** **Тони Ангелевски с.р.**

***288***.Врз основа на член 43 став 1 точка 42 од Статутот на Општина Демир Хисар „Службен гласник на Општина Демир Хисар бр.03/02; 04/05 и 07/09„ Советот на Општина Демир Хисар на седницата одржана на 30.06.2011 година, донесе

**ОДЛУКА**
**За утврдување цена за користење на вода за пиење по м$^3$ за населено место с.Журче**

Член 1

Се утврдува цена за комунална услуга за користење на вода за пиење за населено место Журче и тоа:

1. Домаќинство во населено место с.Журче---------28,00 денари по м$^3$
2. Доколку во текот на годината корисниците на услуги користат вода од водоснабдителниот систем по природен пат цената за м$^3$ ќе изнесува 20 денари.
3. Претпријатија и други стопански субјекти и установи ------45,00 денари по м$^3$

Член 2

Во случај на дефект на водомерот корисникот е должен во рок од три (3) дена од денот на откривањето на дефектот писмено да го пријави во ЈКП „ Комуналец„ Демир Хисар, доколку корисникот не го пријави дефектот ќе плаќа надомест утврден во паушал од страна на давателот на услугата.

Доколку дефектот настане по вина на корисникот пример (кршење на стакло, мрзнење и слично ), а кориснокот не пријави дефект надоместок ќе плаќа како е регулирано во став 1 на овој член.

Член 3

Корисниците на вода за градење на нови објекти или доградби кои немаат поставено водомери ќе плаќаат по 1% од вредноста на извршените градежни работи.

Член 4

Односите на давателите на услуги и корисниците на услуги ќе бидат регулирани со посебен договор изработен од давателот на услугата во конкретниот случај ЈКП „Комуналец„ Демир Хисар.

Член 5

ЈКП„Комуналец„ Демир Хисар се задолжува најкасно во рок од три месеци и по превземањето на водоводот во населеното место с.Журче да изготви прецизен Извештај со сите параметри и го достави до Советот, како би се имало точен увид за утврдување реална цена за горespomenatata комунална услуга.

Член 6

Одлуката влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Демир Хисар„.

***Бр.07-461/5*** ***Совет на Општина Демир Хисар***
***30.06.2011 година*** ***Претседател,***
***Демир Хисар*** ***Љупчо Ангелески с.р.***

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа /,, Службен весник на РМ,, бр. 5/02/, а во врска со член 72 од Статутот на Општина Демир Хисар /,,Службен гласник на Општина Демир Хисар,, бр. 3/02; 4/05 и 7/09 година/, донесувам

**З А К Л У Ч О К**

**За објавување на Одлуката за утврдување цена за користење на вода за пиење по м$^3$ во населено место Прибилци**

1.Ја објавувам Одлуката за утврдување цена за користење на вода за пиење по м$^3$ во населено место Прибилци донесена на седницата на Советот на Општина Демир Хисар одржана на 30.06.2011 година.

2.Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во Службен гласник на Општина Демир Хисар.

**Бр. 08-462/4** **Општина Демир Хисар**
**30.06.2011 година** **Градоначалник**
**Демир Хисар** **Тони Ангелевски с.р.**

***289.*** Врз основа на член 43 став 1 точка 42 од Статутот на Општина Демир Хисар „Службен гласник на Општина Демир Хисар бр.03/02; 04/05 и 07/09„ Советот на Општина Демир Хисар на седницата одржана на 30.06.2011 година, донесе

**О Д Л У К А**

**За утврдување цена за користење на вода за пиење по м$^3$ за населено место с.Прибилци**

Член 1

Се утврдува цена за комунална услуга за користење на вода за пиење за населено место Прибилци и тоа:

4. Домаќинство во населено место с.Прибилци---------28,00 денари по м$^3$
5. Претпријатија и други стопански субјекти и установи ------45,00 денари по м$^3$

Член 2

Во случај на дефект на водомерот корисникот е должен во рок од три (3) дена од денот на откривањето на дефектот писмено да го пријави во ЈКП „ Комуналец„ Демир Хисар, доколку корисникот не го пријави дефектот ќе плаќа надомест утврден во паушал од страна на давателот на услугата.

Доколку дефектот настане по вина на корисникот пример (кршење на стакло, мрзнење и слично ), а кориснокот не пријави дефект надоместок ќе плаќа како е регулирано во став 1 на овој член.

Член 3

Корисниците на вода за градење на нови објекти или доградби кои немаат поставено водомери ќе плаќаат по 1% од вредноста на извршените градежни работи.

Член 4

Односите на давателите на услуги и корисниците на услуги ќе бидат регулирани со посебен договор изработен од давателот на услугата во конкретниот случај ЈКП „Комуналец„ Демир Хисар.

Член 5

ЈКП„Комуналец„ Демир Хисар се задолжува најкасно во рок од три месеци и по превземањето на водоводот во населеното место с.Прибилци да изготви прецизен Извештај со сите параметри и го достави до Советот, како би се имало точен увид за утврдување реална цена за гореспоменатата комунална услуга.

Член 6

Одлуката влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Демир Хисар„.

***Бр.07-461/6*** ***Совет на Општина Демир Хисар***
***30.06.2011 година*** ***Претседател,***
***Демир Хисар*** ***Љупчо Ангелески с.р.***

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа /,, Службен весник на РМ,, бр. 5/02/, а во врска со член 72 од Статутот на Општина Демир Хисар /,,Службен гласник на Општина Демир Хисар,, бр. 3/02; 4/05 и 7/09 година/, донесувам

**З А К Л У Ч О К**

**За објавување на Одлуката за измени и дополнување на Статутот на ЈКП„Комуналец“ Демир Хисар и Согласноста за измени и дополнување на Статутот на ЈКП„Комуналец“ Демир Хисар**

1.Ја објавувам Одлуката за измени и дополнување на Статутот на ЈКП „Комуналец“ Демир Хисар и Согласноста за измени и дополнување на Статутот на ЈКП„Комуналец“ Демир Хисар донесени на седницата на Советот на Општина Демир Хисар одржана на 30.06.2011 година.

2.Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во Службен гласник на Општина Демир Хисар.

**Бр. 08-462/5** **Општина Демир Хисар**
**30.06.2011 година** **Градоначалник**
**Демир Хисар** **Тони Ангелевски с.р.**

**290.** Врз основа на член 19 од Законот за јавни претпријатија ,,Службен весник на РМ бр. 38/96, 6/02,40/03 и 49/06" , а во согласност со член 43 став 1 точка 4 од Статутот на Општина Демир Хисар „Слушбен гласник на Општина Демир Хисар бр. 3/02; 4/05 и 7/09„ Советот на Општина Демир Хисар на седницата одржана на 30.06.2011 година, донесе

**О Д Л У К А**
За измени и дополнување на Статутот на ЈКП „ Комуналец„ Демир Хисар

ОСНОВНИ ДЕЈНОСТИ:
Во точката 1 наместо шифра „41,00" се пишува шифра **"36,00";**

- Наместо "Собирање, пречистување и дистрибуција на вода(собирање, пречистување и дистрибуција на вода за пиење и прехрамбена вода)" се пишува "**Собирање обработка и снабдување со вода** ";

Во точка 2 наместо шифра „90,00" се пишува шифра **„37,00"**

-Наместо „Отстранување на отпадоци и ѓубре, санитаррни и слични активности„ се пишува „**Отстранување на отпадни води**„;

Во точка 3 наместо шифра "93,00" се пишува шифра **„38.11„**

-Наместо „Други услужни дејности„ се пишува **„Собирање на безопасен отпад„**

Во точка 4 наместо шифра „93,03„ се пишува шифра „**38.21**„

-наместо „Погребни и придружни активности„ се пишува **„Обработка и отстранување на безопасен отпад„**

Во точка 5 наместо шифра „01,41/2„ се пишува шифра**„81,30"**

-наместо „Уредување и одржување на паркови, зелени и рекреациони површини„ се пишува **„Услужни дејности за уредување и одржување на животната средина„**

Во точка 6наместо шифра „60,21„ се пишува шифра **„96,03**„

-наместо „Превоз на патници во копнен сообраќај и друг сообраќај„ се пишува **„ Погребни и слични дејности„**

**Точката 7 се укинува**

СПОРЕДНИ (ДОПОЛНИТЕЛНИ) ДЕЈНОСТИ
Во точка 1 наместо шифра „28,12„ се пишува шифра **„41,20„**

-наместо „Производство на метални производи за градежништво „ се пишува **„Изградба на стамбени и нестамбени објекти„**

Во точка 2 наместо шифра „20,1„ се пишува шифра **„ 42,11„**

-наместо „Преработка на дрво, производи од дрво и плута„ се пишува **„Изградба на патишта и автопати„**

Во точка 3 наместо шифра „15,13" се пишува шифра **„ 42,21„**

-наместо „ Преработка на животинско и живино месо„ се пишува **„Изградба на комунални објекти за течност„;**

Во точка 4 наместо шифра „45,24„ се пишува шифра **„42,91„**

Во точка 5 наместо шифра „ 45,33" се пишува шифра **„42,99„**

-наместо "Поставување на водоводни инсталации" се пишува **„ Изградба на други објекти од нискоградба неспомнати на други места„**

Во точка 6 наместо шифра „45,32" се пишува шифра **„43,22„**

-наместо " Изолациони работи„ се пишува **„ Поставување на инсталации за водовод, канализација и плин и инсталации за греење-клима уреди"**

Во точка 7 наместо шифра „45,31„ се пишува шифра **„49,31„**

-наместо „ Поставување на електрични инсталации и прибор„ се пишува **„Градски и приградски патнички копнен транспорт**„

Во точка 8 наместо шифра "45,34„ се пишува шифра **"52,21„**

-наместо „ Други инсталатерски работи" се пишува **„ Услужни дејности поврзани со копнен превоз„**

**Точките 9,10,11,12,13,14,15,16, и 17 во споредни дејности се бришат**.

Член 2

Одлуката влегува во сила по добиената Согласност од Советот на Општина Демир Хисар, односно со денот на објавувањето во Службен гласник на општина Демир Хисар„

***Бр.07-461/7*** ***Совет на Општина Демир Хисар***
***30.06.2011 година*** ***Претседател,***
***Демир Хисар*** ***Љупчо Ангелески с.р.***

Врз основа на член 43 став 1 точка 43 од Статутот на Општина Демир Хисар „Службен гласник на Општина Демир Хисар бр. 3/02; 4/05 и 7/09" Советот на Општина Демир Хисар на седницата одржана на 30.06.2011 година донесе

С О Г Л А С Н О С Т

1. Се дава СОГЛАСНОСТ за измени и дополнување на Статутот на ЈКП „Комуналец„ Демир Хисар. По дадената Согласност Советот ќе донесе и Одлука за измени и дополнување на Статутот на ЈКП „Комуналец„ Демир Хисар.
2. Дадената Согласност ќе биде објавена во Службен гласник на Општина Демир Хисар.

***Бр.07-461/7*** ***Совет на Општина Демир Хисар***
***30.06.2011 година*** ***Претседател,***
***Демир Хисар*** ***Љупчо Ангелески с.р.***

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа /,, Службен весник на РМ,, бр. 5/02/, а во врска со член 72 од Статутот на Општина Демир Хисар /,,Службен гласник на Општина Демир Хисар,, бр. 3/02; 4/05 и 7/09 година/, донесувам

**З А К Л У Ч О К**

**За објавување на Согласноста за донсување на Правилник за управување со Градските гробишта во Демир Хисар**

1.Ја објавувам Согласноста за донесување на Правилникот за управување со Градските гробишта во Демир Хисар донесена на седницата на Советот на Општина Демир Хисар одржана на 30.06.2011 година.

2.Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во Службен гласник на Општина Демир Хисар.

**Бр. 08-462/6** **Општина Демир Хисар**
**30.06.2011 година** **Градоначалник**
**Демир Хисар** **Тони Ангелевски с.р.**

***291.***Врз основа на член 43 став 1 точка 43 од Статутот на Општина Демир Хисар „Службен гласник на Општина Демир Хисар бр. 3/02; 4/05 и 7/09" Советот на Општина Демир Хисар на седницата одржана на 30.06.2011 година донесе

С О Г Л А С Н О С Т

1.Се дава СОГЛАСНОСТ за донесување на ПРАВИЛНИК за управување со градските гробишта во Демир Хисар.

2.Дадената Согласност ќе биде објавена во Службен гласник на Општина Демир Хисар.

***Бр.07-461/8*** ***Совет на Општина Демир Хисар***
***30.06.2011 година*** ***Претседател,***
***Демир Хисар*** ***Љупчо Ангелески с.р.***

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа /,, Службен весник на РМ,, бр. 5/02/, а во врска со член 72 од Статутот на Општина Демир Хисар /,,Службен гласник на Општина Демир Хисар,, бр. 3/02; 4/05 и 7/09 година/, донесувам

**З А К Л У Ч О К**

**За објавување на Одлуката за утврдување на ред и работно време на гробиштата и обезбедување на мир на гробиштата**

1.Ја објавувам Одлуката за утврдување на ред и работно време на гробиштата и обезбедување на мир на гробиштата донесена на седницата на Советот на Општина Демир Хисар одржана на 30.06.2011 година.

2.Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во Службен гласник на Општина Демир Хисар.

**Бр. 08-462/7** **Општина Демир Хисар**
**30.06.2011 година** **Градоначалник**
**Демир Хисар** **Тони Ангелевски с.р.**

***292***,Врз основа на член 43 став 1 точка 31 од Статутот на Општина Демир Хисар „Службен гласник на Општина Демир Хисар бр. 3/02; 4/05 и 7/09„ Советот на Општина Демир Хисар на седницата одржана на 30.06.2011 година донесе

О Д Л У К А

За утврдување на ред и работно време на гробиштата и обзбедување на мир на гробиштата

Член 1

Се утврдува ред и работно време на Градските гробишта во Демир Хисар и тоа:

1. од 6.00 часот до 18.00 часот.

Член 2

Редот и мирот во Градските гробишта во Демир Хисар го обезбедува Управителот на гробиштата.

Член 3

Одлуката влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Демир Хисар„.

***Бр.07-461/9*** ***Совет на Општина Демир Хисар***
***30.06.2011 година*** ***Претседател,***
***Демир Хисар*** ***Љупчо Ангелески с.р.***

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа /,, Службен весник на РМ,, бр. 5/02/, а во врска со член 72 од Статутот на Општина Демир Хисар /,,Службен гласник на Општина Демир Хисар,, бр. 3/02; 4/05 и 7/09 година/, донесувам

**З А К Л У Ч О К**

**За објавување на Одлуката за утврдување на висината и наплатата на надоместокот за пристап и користење на комуналната инфраструктура на гробиштата и на придружни објекти на гробиштата на ЈКП „Комуналец“ Демир Хисар за операторите и погребалните услуги**

1.Ја објавувам Одлуката за утврдување на висината и наплатата на надоместокот за пристап и користење на комуналната инфраструктура на гробиштата и на придруни објекти на гробиштата на ЈКП„Комуналец“ Демир Хисар за операторите и погребалните услуги донесена на седницата на Советот на Општина Демир Хисар одржана на 30.06.2011 година.

2.Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во Службен гласник на Општина Демир Хисар.

**Бр. 08-462/8** **Општина Демир Хисар**
**30.06.2011 година** **Градоначалник**
**Демир Хисар** **Тони Ангелевски с.р.**

***293.***Врз основа на член 43 став 1 точка 31 од Статутот на Општина Демир Хисар „Службен гласник на Општина Демир Хисар бр. 3/02; 4/05 и 7/09„ Советот на Општина Демир Хисар на седницата одржана на 30.06.2011 година донесе

О Д Л У К А

За утврдување на висината и наплатата на надоместокот за пристап и користење на комуналната инфраструктура на гробиштата и на придружни објекти на гробиштата на ЈКП „Комуналец“ Демир Хисар за операторите на погребалните услуги

Член 1

Се утврдува висината и наплатата на надоместокот за пристап и користење на комуналната инфраструктура на гробиштата и на придружните објекти на гробиштата за операторите за погребални услуги и тоа:

1.Погребување на посмртни останки
На починато лице ------------------------------------ 800,оо денари.
2.Откопување на гроб (есхумација) -------------- 800,оо денари.

Член 2

Одлуката влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Демир Хисар„.

***Бр.07-461/10*** ***Совет на Општина Демир Хисар***
***30.06.2011 година*** ***Претседател,***
***Демир Хисар*** ***Љупчо Ангелески с.р.***

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа /,, Службен весник на РМ,, бр. 5/02/, а во врска со член 72 од Статутот на Општина Демир Хисар /,,Службен гласник на Општина Демир Хисар,, бр. 3/02; 4/05 и 7/09 година/, донесувам

**З А К Л У Ч О К**

**За објавување на Одлуката за утврдување на висината и наплатата на надоместокот за доделување на гробно место во Градските гробишта во Демир Хисар**

1.Ја објавувам Одлуката за утврдување на висината и наплатата на надоместокот за доделување на гробно место во Градските гробишта во Демир Хисар донесена на седницата на Советот на Општина Демир Хисар одржана на 30.06.2011 година.

2.Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во Службен гласник на Општина Демир Хисар.

**Бр. 08-462/9** **Општина Демир Хисар**
**30.06.2011 година** **Градоначалник**
**Демир Хисар** **Тони Ангелевски с.р.**

***294.*** Врз основа на член 43 став 1 точка 31 од Статутот на Општина Демир Хисар „Службен гласник на Општина Демир Хисар бр. 3/02; 4/05 и 7/09„ Советот на Општина Демир Хисар на седницата одржана на 30.06.2011 година донесе

О Д Л У К А

За утврдување на висината и наплатата на надоместокот за доделување на гробно место во Градските гробишта во Демир Хисар

Член 1

Се утврдува висината и наплатата на надоместокот за доделување на гробно место во Градските гробишта во Демир Хисар на износ од 8.000,оо денари.

Член 2

Доделувањето на употреба на гробно место како лична службеност се врши врз основа на Договор склучен помеѓу Управителот на гробиштата и носителот на гробното место на неопределено време.

Член 3

Одлуката влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Демир Хисар„.

***Бр.07-461/11*** ***Совет на Општина Демир Хисар***
***30.06.2011 година*** ***Претседател,***
***Демир Хисар*** ***Љупчо Ангелески с.р.***

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа /,, Службен весник на РМ,, бр. 5/02/, а во врска со член 72 од Статутот на Општина Демир Хисар /,,Службен гласник на Општина Демир Хисар,, бр. 3/02; 4/05 и 7/09 година/, донесувам

**З А К Л У Ч О К**
**За објавување на Одлуката за определување на висината и наплатата на надоместокот за одржување на гробиштата (гробарина) на ЈКП „Комуналец" Демир Хисар**

1.Ја објавувам Одлуката за определување на висината и наплатата на надоместокот за одржување на гробишатата (гробарина) на ЈКП „Комуналец" Демир Хисар донесена на седницата на Советот на Општина Демир Хисар одржана на 30.06.2011 година.

2.Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во Службен гласник на Општина Демир Хисар.

**Бр. 08-462/10 Општина Демир Хисар**
**30.06.2011 година Градоначалник**
**Демир Хисар Тони Ангелевски с.р.**

***295.***Врз основа на член 43 став 1 точка 31 од Статутот на Општина Демир Хисар „Службен гласник на Општина Демир Хисар бр. 3/02; 4/05 и 7/09„ Советот на Општина Демир Хисар на седницата одржана на 30.06.2011 година донесе

О Д Л У К А
За определување на висината и наплатата на надоместокот за одржување на гробиштата (гробарина) на ЈКП „Комуналец" Демир Хисар

Член 1
Се утврдува висината на наплатата на надоместокот за одржување на гробиштата (гробарина) за период од 1 (една) година на износ од 360,оо денари по гробно место.

Член 2
Наплатата ќе се врши месечно, по 30,оо денари на сметката за комунални услуги

Член 3
Одлуката влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Демир Хисар„.

***Бр.07-461/12 Совет на Општина Демир Хисар***
***30.06.2011 година Претседател,***
***Демир Хиса Љупчо Ангелески с.р.***

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа /,, Службен весник на РМ,, бр. 5/02/, а во врска со член 72 од Статутот на Општина Демир Хисар /,,Службен гласник на Општина Демир Хисар,, бр. 3/02; 4/05 и 7/09 година/, донесувам

**З А К Л У Ч О К**
**За објавување на Одлуката за утврдување на висината на паричен надоместок за солидарен погреб**

1.Ја објавувам Одлуката за утврдување на висината на паричен надоместок за солидарен погреб донесена на седницата на Советот на Општина Демир Хисар одржана на 30.06.2011 година.

2.Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во Службен гласник на Општина Демир Хисар.

**Бр. 08-462/11 Општина Демир Хисар**
**30.06.2011 година Градоначалник**
**Демир Хисар Тони Ангелевски с.р.**

***296.*** Врз основа на член 43 став 1 точка 42 од Статутот на Општина Демир Хисар „Службен гласник на Општина Демир Хисар бр. 3/02; 4/05 и 7/09„ Советот на Општина Демир Хисар на седницата одржана на 30.06.2011 година донесе

О Д Л У К А
За утврдување на висината на паричен надоместок за солидарен погреб

Член 1
Се утврдува висината на паричен надоместок за солидарен погреб на 7.000,оо денари.

Член 2
ЈКП „Комуналец" од Демир Хисар, наместо погребална опрема за корисниците на солидарен погреб ќе исплаќа парични средства во висина од 7.000,оо денари.

Член 3
Одлуката влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Демир Хисар„.

***Бр.07-461/13 Совет на Општина Демир Хисар***
***30.06.2011 година Претседател,***
***Демир Хисар Љупчо Ангелески с.р.***

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа /,, Службен весник на РМ,, бр. 5/02/, а во врска со член 72 од Статутот на Општина Демир Хисар /,,Службен гласник на Општина Демир Хисар,, бр. 3/02; 4/05 и 7/09 година/, донесувам

**З А К Л У Ч О К**
**За објавување на Одлуката за утврдување на висината и наплатата на надоместокот за користење на инфраструктурата на гробиштата за каменорезачите**

1.Ја објавувам Одлуката за утврдување на висината и наплатата на надоместокот за користење на инфраструктурата на гробиштата за каменорезачите донесена на седницата на Советот на Општина Демир Хисар одржана на 30.06.2011 година.

2.Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во Службен гласник на Општина Демир Хисар.

**Бр. 08-462/12** **Општина Демир Хисар**
**30.06.2011 година** **Градоначалник**
**Демир Хисар** **Тони Ангелевски с.р.**

***297.***Врз основа на член 43 став 1 точка 31 од Статутот на Општина Демир Хисар „Службен гласник на Општина Демир Хисар бр. 3/02; 4/05 и 7/09„ Советот на Општина Демир Хисар на седницата одржана на 30.06.2011 година донесе

О Д Л У К А
За утврдување на висината и наплатата на надоместокот за користење на инфраструктурата на гробиштата, за каменорезачите

Член 1
Се утврдува висината и наплатата на надоместокот за користење на инфраструктурата на гробиштата за каменорезачите на износ од 1.000,оо денари, до 8 (осум) часа во текот на еден ден, во Градските гробишта во Демир Хисар.

Член 2
Одлуката влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Демир Хисар„.

*Бр.07-461/14* *Совет на Општина Демир Хисар*
*30.06.2011 година* *Претседател,*
*Демир Хисар* *Љупчо Ангелески с.р.*

---

**С О Д Р Ж И Н А**

1..Одлука за отстапување на користење, управување и одржување на водовод во с.Журче на ЈКП„Комуналец„ Демир Хисар------------------------------------------------------------1
2.Одлука за отстапување на користење, управување и одржување на водовод во с.Прибилци на ЈКП„Комуналец„ Демир Хисар-----------------------------------------------------------1-2
3. Одлука за утврдување на цена за користење на вода за пиење по $м^3$за населено место Журче--------------------------2-3
4. Одлука за утврдување на цена за користење на вода за пиење по $м^3$за населено место Прибилци------------------------3
5.Одлука за измени и дополнување на Статутот на ЈКП„Комуналец„ Демир Хисар и Согласност на измените и дополнувањето на Статутот на ЈКП„Комуналец" Демир Хисар--------------------------------------------------------------------4
6.Согласност на Правилник за управување со градските гробишта во Демир Хисар---------------------------------------------5
7. Одлука за утврдување на ред и работно време на гробиштата и обезбедување на мир на гробиштата-----------5
8. Одлука за утврдување на висината и наплатата на надоместокот за пристап и користење на комуналната инфраструктура на гробиштата и на придружни објекти на гробишатата на ЈКП„Комуналец„ Демир Хисар за операторите на погребални услуги---------------------------------6
9. Одлука за утврдување на висината и наплатата на надоместокот за доделување на гробно место во Градските гробишта во Демир Хисар--------------------------------------------6
10. Одлука за определување на висината и наплатата на надоместокот за одржување на гробиштата (гробарина) на ЈКП „Комуналец„ Демир Хисар------------------------------------7
11. Одлука за утврдување на висината на паричен надоместок за солидарен погреб---------------------------------7
12. Одлука за утврдување на висината и наплатата на надоместокот за користење на инфраструктурата на гробиштата, за каменорезачите-----------------------------------8

**Издава: Општина Демир Хисар,ул.Битолска б.б.**
**тел.047/552-661**
**Градоначалник Тони Ангелевски**
**Компјутерска обработка: Виолета Пајковска**